

# Процедура за Барање Помош

Австралиско - Македонската Хуманитарна Асоцијација Св. Архангел Гаврил е непрофитна добротворна организација со основна цел да им помага на лица кои се соочуват со медицинско - здравствени или социјални потешкотии.

Лицето кое бара помош мора да ги достави следниве документи до Асоцијацијата, врз основа на кои Асоцијацијата ке може да донесе одлука за одобрување или одбивање на барањето:

1. **Писмо** до Хуманитарната Асоцијација Св Архангел Гаврил преку електронска пошта (е - пошта): info@svarhgavril.com, објаснувајќи ја медицинската (здравствена), социјална и финансиска состојба и причина зошто е потребна помош;
2. **Потпишано Полномошно,** и двете - Македонска и Англиска верзија со кое се дава согласност на Асоцијацијата да управува со доставените информации, за да може:
   - да прави проверка на точноста на доставените информации; и
   - слободно да ги објавува доставените информации во врска со било каква медицинска(здравствена), социјална и финансиска состојба на барателот преку локалните медиуми со цел да ги рекламира организираните добротворни настани за собирање на финансиски средства;
3. **Лекарско уверение** со медицинска историја на болеста на лицето кое бара помош. Лекарското уверение мора да:
   - не е се постаро од 6 месеци; и
   - содржи контактни податоци за медицинскиот лекар, како што се телефонски број и / или е-пошта.
4. **Фактура за трошоците на лекувањето** издадена од здравствената установа каде што се третира (лечи) болниот.
5. **Изјава од Министерството за Здравство** дека цената на медицинскиот третман не е покриена или е делумно покриени од страна на одделот.
6. Во случаи кога префрлување на парични средства директно на здравствената установа не е можно, треба да се достави следново:
   - **меѓународна банкарска сметка** на лицето кое бара помош;
   - **сметки од платени трошоци за лекување (а),** веднаш штом средствата се искористени;
   - **потпишана законска изјава** во присуство на владини претставници со наведување дека паричните средства ќе се користат исклучително за покривање на медицински трошоци поврзани со болеста на барателот.



7. **Извод на родени** за лицето кое бара помош и **документи за идентификација** (пасош и лична карта). Ако апликантот е дете (помлад од 12 години), потребни се документи за идентификација на еден од родителите;

8. **Државни исплати на социјална помош** - за случаи кога е поднесено барање за финансиска помош поради социјални потешкотии.

## Важна информација

Името на секое лице што бара помош од Асоцијацијата е внесено во Регистар.
При изборот на барателите предност се дава на оние кои имаат доставено комплетна и заверена документација.

Молбите со непотполна документација нема да се разгледуваат.

Затоа доставување на комплетна и заверена документација во најкус можен рок е од суштинско значење.

**Забелешка:** Австралиско-Македонската Хуманитарна Асоцијација Св. Архангел Гаврил не поседува финансиски средства. Собраните средства од добротворните настани директно се исплатуваат на одобрените баратели. Во случаи каде што ќе се соберат повеќе средства од потребните за покривање на медицински или социјални трошоци на избраните баратели, средствата ќе бидат донирани на следниот по ред барател во регистарот.

Помош се доделува еднократно. Асоцијацијата не спонзорира баратели.

Копија од **Полномошно** (Македонска и Англиска верзија) може да се најде на нашата веб страна www.svarhgavril.com